# З А П И С Н И К

од состанокот на Комисијата за селекција
за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово
(Фаза 1 Административна селекција )

**1.**На ден 31.08.2023 година, во просториите на Општина Берово, Комисијата за селекција за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово по објавен Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово, (во понатамошниот текст Комисијата), одржа состанок во врска со јавниот повик Бр.09-2826/2 од 20.07.2023 година.

**2.** На состанокот присуствуваа членовите на Комисијата, формирана со Одлука за формирање на Комисија за селекција за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР "Услуга" Берово со Бр.09-2827/1 од 20.07.2023 година, во состав:

1. м-р Анита Рунтевски - претседател
2. Емилија Ваканска - член
3. м-р Сања Карбинска - член

На состанок е спроведена првата фаза од постапката (Административна селекција).

Комисијата констатира дека по објавениот јавен повик за членови на Управен Одбор при ЈПКР "Услуга" Берово, поднесени се вкупно 5 (пет) пријави од следните подносители:

1. Пријава бр.09-3227/1 од 18.08.2023 година од **Димитар Стамболиски** од с.Владимирово, Берово;
2. Пријава бр.09-3228/1 од 18.08.2023 година од **Даниела Кржовска** од Берово;
3. Пријава бр.09-3231/1 од 18.08.2023 година од **Горан Ружински** од Берово;
4. Пријава бр.09-3238/1 од 21.08.2023 година од **Марија Стаменковска** од Берово и
5. Пријава бр.09-3251/1 од 22.08.2023 година од **Тања Брашнарска Сирачевска** од Берово.

1. **За Пријава бр.09-3227/1 од 18.08.2023 година од Димитар Стамболиски** од с.Владимирово, Берово, Комисијата го констатираше следното:

| **1.ДИМИТАР СТАМБОЛИСКИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Пријавата бр.09-3227/1 од 18.08.2023 година од Димитар Стамболиски од с.Владимирово, општина Берово **е навремена**. | | | |
| **Услови од јавен оглас** | **Доставени документи** | **Валиден/Невалиден Документ** | **Бода** |
| да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство) | да | Валиден/оргинал<br><br>Бр.12.1.11.2-3/386 од 17.08.2023 година | / |
| да поседува Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование | да | Валиден/ фотокопија заверена на нотар<br><br>Уверение Бр.09-1120/4 од 27.06.2018 година издадено од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Машински факултет Скопје | 10 бода |
| доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; | да | Валиден/оргинал<br><br>Потврда од Централен Регистар на РСМ со бр.0808-12/518 од 18.08.2023 година | / |
| Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж; | да | Валиден/оргинал<br>Преглед од Агенција за вработување на РСМ заклучно со 17.08.2023 година<br>*(кандидатот има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки)* | 15 бода |
| Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста | да | Валиден/ оргинал<br>Број УЗП 2733/2023 од 18.08.2023 година | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| и веродостојноста на наведенитеподатоци во пријавата и за поднесената документација; | | | |
| Кратка биографија | да | Валиден / оргинал | / |
| Писмо за интерес/мотивација | да | Валиден / оргинал | / |
| Останати сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени акредитирани институции. | не | нема | / |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** | | | **25 бода** |

2. **За Пријава бр.09-3228/1 од 18.08.2023 година од Даниела Кржовска од Берово**, Комисијата го констатираше следното:

| **2.ДАНИЕЛА КРЖОВСКА** | | | |
|---|---|---|---|
| Пријавата бр.09-3228/1 од 18.08.2023 година од Даниела Кржовска од Берово **е навремена**. | | | |
| **Услови од јавен оглас** | **Доставени документи** | **Валиден/Невалиден Документ** | **Бода** |
| да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство) | да | Валиден/оргинал<br><br>Бр.12.1.11.2-3/387 од 17.08.2023 година | / |
| да поседува Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование | да | Валиден/ фотокопија<br><br>Уверение Бр.11-8/41 од 22.09.1994 година издадено од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Земјоделски факултет Скопје<br><br>**дополнително да се побара оргинал или заверка на нотар* | 10 бода |
| доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; | не | *Дополнително да се побара од причина што условот е* ***во моментот на именувањето*** *со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;* | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж; | да | Валиден/оргинал<br>Преглед од Агенција за вработување на РСМ заклучно со 17.08.2023 година<br><br>*(кандидатот има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие)* | 10 бода |
| Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведенитеподатоци во пријавата и за поднесената документација; | да | Валиден/ оргинал<br>Број УЗП 1745/2023 од 18.08.2023 година | / |
| Кратка биографија | да | Валиден / оргинал | / |
| Писмо за интерес/мотивација | да | Валиден / оргинал | / |
| Останати сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени акредитирани институции. | да | 1. Диплома за завршен курс по англиски јазик;<br>2. Certificate of completion for successfully completing all 11 training modules od the "Capacity development programme for municipal councillors"<br>3. Certificate for better training for safer food;<br>4. Уверение за завршена обука за претприемачки вештини за млади советници во земјоделството и други<br>**Комисијата одлучи да додели 2 бода од причина што повеќето сертификати не се* | 2 бода |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | *однесуваат на дејноста на претпријатието* | |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** | | | **22 бода** |

3. **За Пријава бр.09-3231/1 од 18.08.2023 година од Горан Ружински од Берово**, Комисијата го констатираше следното:

| **3.ГОРАН РУЖИНСКИ** | | | |
|---|---|---|---|
| Пријавата бр.09-3231/1 од 18.08.2023 година од Горан Ружински од Берово **е навремена**. | | | |
| **Услови од јавен оглас** | **Доставени документи** | **Валиден/Невалиден Документ** | **Бода** |
| да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство) | да | Валиден/оргинал<br><br>Бр.12.1.11.2-3/393 од 18.08.2023 година | / |
| да поседува Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование | да | Валиден/ фотокопија Диплома од Универзитет "Св.Кирил и Методиј" Скопје Архитектонски факултет **дополнително да се побара оргинал или заверка на нотар* | 10 бода |
| доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; | не | *Дополнително да се побара од причина што условот е **во моментот на именувањето** со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност;* | / |
| Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж; | да | Валиден/оргинал<br>Преглед од Агенција за вработување на РСМ заклучно со 17.08.2023 година<br>*(кандидатот има најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие)* | 10 бода |
| Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична | | | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведенитеподатоци во пријавата и за поднесената документација; | не | *Дополнително да се побара* | / |
| Кратка биографија | не | *Дополнително да се побара* | / |
| Писмо за интерес/мотивација | не | *Дополнително да се побара* | / |
| Останати сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени акредитирани институции. | не | *Дополнително да се побара* | / |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** | | | **20 бода** |

4. **<u>За Пријава бр.09-3238/1 од 21.08.2023 година од Марија Стаменковска од Берово</u>**, Комисијата го констатираше следното:

| **1.МАРИЈА СТАМЕНКОВСКА** | | | |
|---|---|---|---|
| Пријавата бр.09-3238/1 од 21.08.2023 година од Марија Стаменковска од Берово **<u>е навремена</u>**. | | | |
| **Услови од јавен оглас** | **Доставени документи** | **Валиден/Невалиден Документ** | **Бода** |
| да е државјанин на Република Северна Македонија (државјанство) | да | Валиден/оргинал Бр.12.1.11.2-3/381 од 16.08.2023 година | / |
| да поседува Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование | да | Валиден/ фотокопија заверена на нотар<br><br>Уверение Бр.0901-20/88 од 15.04.2008 година издадено од Универзитет “Св.Кирил и Методиј” Економски факултет Скопје | 10 бода |
| доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е | да | Валиден/оргинал<br><br>Потврда од Основен Суд Берово ПРК – Р- | / |

| | | | |
|---|---|---|---|
| изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност; | | 159/23 од 17.08.2023 година | |
| Историјат за вработување од Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија со евидентиран стаж; | да | Валиден/оргинал Преглед од Агенција за вработување на РСМ заклучно со 16.08.2023 година *(кандидатот има најмалку десет години работно искуство од областа на финансиското работење)* | 15 бода |
| Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведенитеподатоци во пријавата и за поднесената документација; | да | Валиден/ оргинал Број УЗП 1750/2023 од 18.08.2023 година | / |
| Кратка биографија | да | Валиден / оргинал | / |
| Писмо за интерес/мотивација | да | Валиден / оргинал | / |
| Останати сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени акредитирани институции. | да | 1. Уверение за овластен сметководител од ИСОС бр.0108633 од 05.09.2018 година<br>2. Потврда од БЈН бр.11-4/338 од 07.07.2021 година за положен испит за лице за јавни набавки;<br>3. Сертификат за завршен курс по | 2 бода |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | англиски јазик;<br>4. Сертификат за завршен основен курс по компјутери и други. | |
| **ВКУПНО ОСВОЕНИ БОДОВИ** | | | | **27 бода** |

5. **<u>За Пријавата бр.09-3251/1 од 22.08.2023 година од Тања Брашнарска Сирачевска од Берово</u>**, Комисијата го констатираше следното:

   Пријавата е поднесена до Архивата на Општина Берово по истекот на рокот за пријавување, кој согласно објавата е заклучно со 21.08.2023 година, односно истата е поднесена на 22.08.2023 година, па од тие причини Комисијата едногласно одлучи **<u>Пријава бр.09-3251/1 од 22.08.2023 година од Тања Брашнарска Сирачевска од Берово,</u>** ***<u>да се отфрли како ненавремена.</u>***

По увидот во целкоупната документација, Комисијата констатираше дека по објавен Јавен повик за пријавување на заинтересирани лица за избор на членови во Управен одбор при ЈПКР “Услуга” Берово, од вкупно поднесени 5 (пет) пријави, пријавите на :

1. **Димитар Стамболиски од с.Владимирово** (која одговара на условот *најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на техничките науки)* и
2. **Марија Стаменковска од Берово** (која одговара на условот *најмалку еден член на управниот одбор треба да има најмалку три години работно искуство од областа на финансиско работење)*

**се навремени и комплетни и кандидатите ги исполнуваат условите од огласот.**

Во однос на остатантите пријави, од кандидатот:

1. **Горан Ружински од Берово** (која одговара на условот *најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика)* да се побара дополнително да достави:

- Образец за пријавување на јавен повик за именување на членови на Управен/Надзорен одбор на јавно претпријатие (истиот можете да го превземете од веб сајтот на Општина Берово или од “Службен Весник на Република Северна Македонија” бр.283 од 27.12.2022 година);
- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование *(оргинал или фотокопија заверена на нотар)* – од причина што она што е доставено во документацијата е само во форма на фотокопија без заверка на нотар и

- Доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.
- Изјава заверена на нотар дека кандидатот под целосна морална, материјална и кривична одговорност потврдува за точноста и веродостојноста на наведенитеподатоци во пријавата и за поднесената документација;
- Кратка биографија;
- Писмо за интерес/мотивација;
- Останати сертификати, лиценци, уверенија, дипломи издадени од овластени акредитирани институции.

2. Од кандидатот **Даниела Кржовска од Берово**, (која одговара на условот *најмалку пет години работно искуство од областа на дејноста на јавното претпријатие, согласно со Националната класификација на дејностите публикувана од страна на Државниот завод за статистика),* Комисијата дополнително да побара да се достави:

- Уверение или диплома за завршено високо образование и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен образование *(оргинал или фотокопија заверена на нотар)* – од причина што она што е доставено во документацијата е само во форма на фотокопија без заверка на нотар и
- Доказ дека во моментот на именувањето со правосилна судска пресуда не му е изречена казна или прекршочна санкција забрана за вршење на професија, дејност или должност.

3. На кандидатот **Тања Брашнарска Сирачевска од Берово** да се достави известување дека Пријавата е отфрлена како ненавремена.

По истекот на рокот за достава на дополнително побараните документи, Комисијата ќе изготви нацрт листа на кандидати кои ги исполнуваат условите по јавниот повик, односно ја поминале административната селекција и кои ќе продолжат во наредната фаза 2- интервју.

Бр.09-2826/3
31.08.2023 година
Берово

Комисијата за селекција
за избор на членови во управен одбор
при ЈПКР "Услуга" Берово

1. м-р Анита Рунтевски ____________
2. Емилија Ваканска ____________
3. м-р Сања Карбинска ____________